НСДП

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

# ОДЛУЧНО И ЧЕСНО!

ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА

**НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА**

ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020

НСДП

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

ИЗБОРНА ПРОГРАМА

# ОДЛУЧНО И ЧЕСНО!

ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ........................................................7

II. НАШИ ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ ..................................13

III. РАБОТНИ ОДНОСИ И ПАЗАР НА ТРУД ........................16

IV. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА ....................................19

V. КУЛТУРА ........................................................23

VI. ЖИВОТНА СРЕДИНА ..........................................25

VII. ПРАВДА И ПРАВЕН СИСТЕМ ..................................35

VIII. ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ....................................36

XI. ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ........................................49

X. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОЛИТИКИ ....................................53

XI. ЕНЕРГЕТИКА ..................................................60

XII. ИНФРАСТРУКТУРА И ГРАДЕЖНИШТВО ........................62

XIII. ЗДРАВСТВО ....................................................65

XIV. РЕФОРМИ НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ ........................69

XV. ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА ....................................71

XVI. ПОЛИЦИСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ ..............................72

# I.ВОВЕД

Наредните парламентарни избори се одржуваат во услови во кои граѓанските темели на македонското општество се опасно дезинтегрирани по многу основи - етнички, верски, политички, идеолошки, морални и други.

Со години наназад, корупцијата стана стил на живеење. Висока корупција навлезена на сите нивоа, до таа мерка што дури и важните одлуки што се донесуваа често пати во себе имаа вградено повеќе коруптивен од колку јавен интерес. Институциите на системот на сите нивоа се слаби, неефикасни и оптоварени со сè, освен со доверената работа што треба да ја извршуваат. Дури и кога се спроведуваат процеси за кои имаме барем основен институционален капацитет, поради сериозни социјални, етнички, верски, политички или идеолошки разидувања,  едноставно не може да се донесе ефикасна и логична одлука или решение. Веројатно има нешто многу погрешно и систематски лошо поставено кое го води општеството во состојба постојано да греши. Една од сериозните причини е што носителите на власта на локално и централно ниво не прават разлика помеѓу јавното и приватното добро, не поставуваат граница помеѓу интересот на целото општество и интересите на одредени тесни групи. Основниот морален концепт кој што суштински влијае врз начинот на кој, во економска, правна, политичка и секаква друга смисла, се управува со едно општество, некаде е одамна целосно загубен.

Најстрашно од сè е што и најголемиот дел од оние кои што треба да бидат носители на развојот, приватниот сектор, секојдневно бара државата и Владата  да ги субвенционираат нивните трошоци на работење, да им ги решаваат нивните позарни неуспеси или да ги ослободуваат од обврските што со своето работење ги имаат кон општеството. Сличното однесување е присутно и во другите општествени сектори, здравство, образование, култура и сл.

Ваквите општествени проблеми никогаш ниту лесно, ниту брзо може да се надминат, без еден целосен, ефикасен и спроведлив план

(програма) за тоа, како власта да се однесува кон општеството и неговите индивидуи во современи услови, без да биде под притисок на своите моментални интереси или идеолошки рецидиви од минатото. Ако на сето тоа го додадеме нашиот просечен менталитет - "што ми е мене гајле, не е мое за тоа да мислам", состојбата уште повеќе ни се усложнува. Во просек, ние сме слепи за она што треба да имаме "отворени дури четири, а не две очи". Заробени во своето минато, сегашноста и иднината не можеме ниту да ги насетиме. Погледот ни досега до врвот на својот сопствен интерес и комфор. Виновниците за нашата лоша состојба секогаш ги бараме кај некој друг, имагинарен фактор, странски служби или сили, но никако меѓу нас самите. Не само што не ги почитуваме другите, туку не се почитуваме самите себе и нашето славно минато, почнувајќи од светите браќа Кирил и Методиј, преку оние кои за време на Втората светска војна го оствари ја сонот на низа преродбеници, револуционери и борци за слобода и ја создадоа првата македонска држава, па се до оние кои се вградија во создавањето на модерна, независна и суверена Република Северна Македонија. Наспроти целосната наша негрижа, други народи, своето минато го чуваат како светост.

Оправдувањата од типот дека сме "и мала и немоќна земја", во ова време на глобализација често пати е само изговор за нашата негрижа за се околу нас, но и оправдување за неспособноста, незнаењето и ненадареноста да се сочува и унапредува нашата држава.

Ова состојба во основа се должи на дискредитирањето на институциите на системот, поткопувањето на нивниот кредибилитет, со тоа што важните политички прашања се решаваат надвор од нив. Водечките политички партии ја маргинализираат улогата на Собранието, пратениците ги сведувааат на инструменти за спроведување на политичките договори направени надвор од институциите на системот. Демократското политичко созревање на нацијата, правењето исчекор кон западните европски демократии, бара напуштање на оваа пракса вкоренета во теснопартиските и лични интереси.

Лицемерно и тешко изгледаат повиците за правна држава, слободно судство, владеење на правото, токму од оние поединци и групи носители на јавни функции, осомничени или обвинети за низа кривични дела, чија единствена грижа и преокупација е како да ги спречат от-

верените судски постапки и да ја избегнат кривичната одговорност за своите политики.

И сега кога се наоѓаме на прагот на петтите по ред предвремени парламентарни избори, погубно ќе биде да се потцени интелигенцијата на избирачите, особено кога станува збор за казната што им ја испорачуваат на политичарите и политичките партии на изборите.

Наш стратешка цел останува изградба на општествени модели кои генерираат благосостојба и обезбедуваат просперитет и општествен напредок. Жестоко ќе се бориме против партиите и политичарите кои наместо заложби за стабилност и сигурност, шират омраза, страв и конспиративни теории.

Ќе се бориме за модел на општествено уредување кој ги комбинира либералната демократија, добро регулираната пазарна економија, заштитата на животната средина, модел ќој ќе вклучи и деполитизиран, компетентен и ефикасен административен апарат, заедно со развиена социјална политика. Силно ќе ги поддржиме способните и компетентни луѓе кои се во состојба да ги искористат и управуваат со ресурсите кои се од важност за зголемување на општествената благосостојба. Луѓе кои имаат знаење за подобар економски развој во општеството, ослободени од коруптивни релации и желби за политизација на судството, кои слободата на медиумите ја доживуваат како егзистенцијален елемент на севкупниот општествен напредок.

Граѓанското ткиво на Северна Македонија е раскинато помеѓу етноцентрични групи, кои свретени со погледите кон минатото се обидуваат да ја покријат својата неспособност за демократско однесување и да ја сокријат својата расправа за распеделба на политичката моќ. Ова е состојба која егзистенцијално може да ја загрози државата и нацијата. Ние немаме демократски систем и изминатите 30 години од нашата независност само покажуваат како да немаме волја и да не сакаме да го изградиме. Не сакаме да изградиме систем што ќе овозможи безболна промена на политиките со промената на власта и ќе обезбеди функционирање на контролните механизми помеѓу законодавната, извршната и судската власт. Северна Македонија многу често потсетува на некоја средновековна држава во која по смртта на владетелот настанува хаос и пресметка на разни политички фракции

во борбата за гола власт и моќ.

Конечно, по толку години, зашто би било невозможно сите политички партии  да ја прифатат новата реалност создадена со Преспанскиот договор, земјата да ја направат просперитетна и слободна, во која владее правото, на кој пат заеднички ќе застанат Македонците и Албанците, вклучително и сите другите етнички заедници. За сега политичките партии одбиваа овие вредности да бидат основата на нивната политичка легитимација.

Религиозниот фанатизам често пати знае дополнително да го оптерети животот во нашата земја, да се испречи на прогресивните сили и да го попречи напредокот. Површноста и занесот во религиозната пракса често пати знаат да го пробудат духот на поделбите и омразата, да го загрозат и мирот, заедничкиот именител на сите религии. Внатрешниот мир кој треба да го пронајдеме во себе треба да го шириме оклу себе. Така можеме да се промениме и ние самите и светот околу нас и пошироко. Животот е многу краток за да го поминеме во конфронтации, омраза и вербална војна.

Различните етнички заедници кои егзистираат во нашето општество треба меѓу себе да комуницираат и меѓусебно подобро да се запознаат, а не да се гледааат низ призма на омраза и оружје.

Образованието е сферата од која треба да произлезе силата која ќе изврши радикалната трансформација во основите на нашето општество.

Доколку самите сакаме да станеме дел од Европската Унија, мораме да покажеме дека сме подготвени да се менуваме, дека имаме длабока желба да го преобразиме македонското општество. Тој процес може да почне веднаш само доколку имаме вистинска желба. Западна  Европа пред сѐ е култура на живеење и систем на навики, правила и вредности. И сето тоа се учи и се пренесува од генерација на генерација како традиција. Започнува со воспитување, уште од најрана детска возраст. Само со усвојување на овие овие вредности изградени во политичките традиции на Западна Европа ќе успееме да се интегрираме во една културна заедница.

И сето тоа не може да се оствари без развиена демократија. Кон-

текст кој најдобро го доловува една позната мисла од академската средина- “подобро е да се изгубат избори, одколку да се изгуби демократијата”.

Едно од најголемите достигнувања на 20-от век беше ширењето на демократијата и економскиот развој на глобално ниво. Демократијата се потврди како најдобра форма на владеење. Обезбедува економски и социјални придобивки, мир и стабилност. Заштитата на демократијата значи промовирање на мирот, просперитетот и социјалната еднаквост. Демократијата овозможува да се разрешуваат конфликтите во едно општество по мирен пат и со мирољубиви средства. Конечно, недвосмислено е дека демократските општества стануваат повитални и посилни во светот кој постојано се менува.

Македонското искуство од практикување на демократијата покажува дека демократијата без независно судство е тешко остварлива. Непостоењето на слободни, независни, неутрални институции, со изградена култура на транспарентност и отвореност во своето работење, само може да биде индикатор на формална, а не суштинска демократија. Правењето на квалитативен исчекор во делот на исполнување на институциите со демократска политичка култура, бара одбраната на хуманизмот и човековите права од говорот на омраза, насилството и ксенофобијата, да стане морална должност.

Социјалдемократијата како наша темелна и трајна идеолошка определба на државата гледа како на механизам за социјална правда, за остварување на системска и постепена редистрибуција на националното богатство од богатите кон сиромашните. Вкоренета во еднаквоста и солидарноста, НСДП на политичкиот пиедестал ги издигнува вредностите на социјална сигурност, еднакви шанси и можности за сите, слобода на мислата и говорот, слободата на дејствувањето, достапност на информациите, учество во одлучувањето, прифаќање на критиката и сл.

Мајсторите на политичката мисла уште многу одамна забележале дека демократијата не може да просперира во сиромашно општество и дека нејзиниот равој е во директна корелација со степенот на економска благосостојба во државата. Значи, колку што е побогата државата, толку се шансите за демократија и правната држава. Во

изминатите 30 години од нашата самостојност, ниту една Влада не успеа да испорача правна држава, независно судство, култура на дијалог и компромис, заемна доверба меѓу политичките конкуренти, отчетност, демократски контролирана власт и сите други елементи на вистинската демократија. Реално, со години на назад Северна Македонија беше соочена со авторитарен развој и демократски дефицит, со чуство дека политички систем е замрзнат во времето, без внатрешна диманика на промена и напредок.

За волја на вистината, нормативните решенија во најголем број сфери од нашиот живот успешно го оцелотворуваат концептот на правната држава - се разбира на хартија. Но, во реалноста институциите покажуваат тенденции на служење на политиката наместо на правото. Тоа значи дека нормативниот систем не е доволен сам по себе додека не се изгради соодветен вредносен систем и ниво на политичка култура во која институциите и граѓаните ќе го интегрираат правниот систем во себе и ќе го диживеат како достоен за да го негуваат и штитат.

Ако поранешната наша држава создадена во НОБ била разбрана како инстумент на класната борба на работничката класа, предводена од СКМ како единствена партија, нашата современа и модерна држава треба да биде демократска и да почива врз човековите права и слободи, врз владеењето на правото. Многу жртви, страшен труд и огромна дисциплина се вложени за создавање на државата. Благодарение на подвигот на македонските партизани и многубројни членови на македонската комунистичка партија, создадена е нашата сопствена држава. Но дисциплината на партизаните и нивниот висок борбен морал, денес кај нивните наследници како да не постои. За остварување на нашите долгорочни цели, императив е да бидеме дисциплнинирани, правдољубиви, вистинољубиви и чесни. Мора да бидеме свесни дека во услови на длабока поделеност по сите основи и со невидени размери на криминал и корупција, иднината на нашата земја е неизвесна. Во морална смисла, секој ден сме исправени пред нови предизвици. Вистинска проверка за тоа какви навистина сме и какви сакаме да бидеме ќе направат парламентарните избори што следат.

# II.Наши долгорочни цели

## 1. БЛАГОСОСТОЈБА НА СРЕДНАТА КЛАСА

Благосостојбата на средната класа ги смалува социјалните разлики и овозможува еднакви шанси за сите. Таа е можна само во услови на демократија, слобода и право да се биде различен.

## 2. КОНТИНУИРАНА БОРБА ПРОТИВ РАСТЕЧКАТА НЕЕДНАКВОСТ

Како социјалдемократи, сакаме да изградиме општествен модел на рамноправни граѓани, во кој тие ќе се чувствуваат сигурни, безбедни и способни самите да го менуваат животот кон подобро. Нашиот стремеж е солидарноста и хуманоста да го исполнат животот на граѓаните, отфрлајќи ги сиромаштијата и алчноста, притоа цврсто чекорејќи кон намалување на разликите меѓу богатите и сиромашните.

## 3. БОРБА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Борбата за родова еднаквост во севкупното живеење, и тоа во семејството, политиката, бизнисот и образовениeто е приоритет во нашите сегашни и идни политики.

## 4. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ

Преку зголемување на интензитетот и опфатот на децентрализацијата реално власта ќе се доближи до граѓаните. На тој начин пореална и остварлива ќе биде уставната определба дека власта произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните. Со институционално доближување на власта до граѓаните ќе се зголеми иницијативноста, креативноста и мотивираноста за нивно вклучување во сите сфери на животот.

## 5. ПРОМОЦИЈА НА ИНТЕГРАТИВНОСТА

Како мултинационално, мулконфенсионално, мултијазично и мулти-

културно општество, Северна Македонија мора да покаже дека различноста е наше богатство и предност, а не пречка и проблем во заедничкиот општествен напредок. Во услови на демократија, слобода и еднакви шанси за сите, независно од етничката, религиозната, јазичната или културна припадност, да градиме свест за потребата од интегрираност на сите во македонското општество како заедничка потреба.

## 6. ОБРАЗОВАНА, ЗДРАВА И КУЛТУРНА НАЦИЈА КАКО ГАРАНЦИЈА ЗА ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА

Образованието, здравствството и културата ги сметаме за врвни национални приоритети. Само така ќе создадеме претпоставки, младите луѓе да ги прифатат и да се оспособат за предизвиците на новото време. Сметаме дека овие се клучни претпоставки за градење општество на благосостојба.

## 7. ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ПОСТОЈАНА БОРБА ПРОТИВ ЗАГАДЕНОСТА И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Република Северна Македонија мора да ги зголеми своите амбиции од релативно загадена земја да влезе во фаза на зелена транзиција. Да ги искористиме природни предиспозиции и да бидеме лидери во регионот во поглед на заштитата на природата и животната средина.

## 8. ЗАБРЗАН РАЗВОЈ НА ПАЗАРНАТА ЕКОНОМИЈА СО МАКСИМАЛНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ОДГОВОРНОСТ

Приближувањето на пазарните и социјалните цели преку поттикнување и поддршка на социјалното претприемништво, кое дел од својот профит ќе го насочи кон конкретна општествена промена, која ќе значи поголем степен на социјална кохезија и солидарност, или пак ќе даде допринос во решавање на конкретни социјални или еколошки предизвици.

## 9. РАБОТА ЗА СЕКОГО

Целосна вработеност на работоспособното население ќе обез-

беди динамичен економски развој, ефикасна даночна политика и социјална правда.

Во сферата на работните односи ќе предложиме револуционерни промени во насока на изедначување на значењето на капиталот и трудот, по принципот - заеднички профит од успехот и заеднички ризици од неуспехот.

# III. РАБОТНИ ОДНОСИ И ПАЗАР НА ТРУД

Неолибералниот модел на капитализмот во Северна Македонија ги релативизираше и девалвираше работничките права, ги уништи синдикатите, го промовираше рамниот даног, притоа фаворизирајќи ги компаниите со странски капитал. Наспроти тој модел, во кој социјалните прашања и проблеми од делот на работните односи се фрлени на маргините, на македонското општество му е потребен социјален договор создаден од граѓаните.

За зајакнување на вертикалната социјална мобилност на граѓаните на Северна Македонија и се потребни промени во системите на редистрибуција на доходот, каде  даночните стапки треба да бидат повисоки за најбогатите, а пониски за сиромашните, додека пак социјалните трансфери да се насочат кон извлекување на социјално ранливите граѓани од сиромаштијата. Во оваа насока потребно е понатмошно подигнување на нивото на минималната плата, што ќе биде ставено во функција на поддршка на пензискиот систем. Потребни се и системски промени кои ќе ја ограничат моќта на големите компании и богатите поединци преку стимулирање на примената на принципите на транспарентност и социјална правда во работењето, што би довело до воспоставување на дополнителни социјални контролни механизами на пазарните сили на економијата.  Само на овој начин, преку социјален договор втемелен на взаемната доверба и изградено чувство на правда, може да се врати довербата во институциите на системот.

Изразените социјални разлики помеѓу работодавачите и работниците, посебно во делот на текстиланта индустрија, создаваат дополнителен иритирачки момент во перцепциите на јавноста за социјалната правда во Северна Македонија. Од една страна, ги имаме сопствениците на капиталот кои уживаат во големи материјални привилегии кои далеку ги надминуваат нивните реални потреби, додека пак од друга страна го имаме работникот кој со своите примања чес-

то пати не може да ги задоволи своите елементарни егзистенцијални потреби. Овие состојби го разјадуваат социјалното врзивно ткиво на Северна Македонија.

Државата и работодавачите мора да разберат дека работникот е клучната алка во профитниот ланец, притоа да изградат социјален сензибилитет во своето работење со кој работникот и неговите потреби би биле ставени на прво место.

Градењето на хуман пристап кон работникот и неговите права во целиот производствен процес во кој е вклучен, ќе значи градење на свест и за егзистенцијалната зависност на капиталот од позицијата на работникот, без кого не би можел да постои и да се репродуцира. Ова свест е во зародиш со засилените емиграциски процеси од нашата земја, во кои голем број од работоспособното население ја напушта државата во потрага по подобро платена работа.

Во услови на се уште висока понуда на работна сила, трудот е платен само по цена на пазарот на трудот, а единстено парите имааат третман на капитал во системот што го прифаќаме и го градиме врз пазарните законитости. Организатор на работата секогаш се парите, односно нивните сопственици, а трудот во таквиот систем е само пазарна категорија - стока на пазарот, ингорирајќи го трудот како важен елемент во организирањето и изведувањето на процесот на работата и создавањето профит. Се соочуваме со капитализам кој е втемелен само на парите, на капиталот, а не и на вредноста на трудот.

Отпорот кој доаѓа од работната сила, најчесто манифестиран низ различни форми на штрајк, израз е на барањата на трудот да биде признаен, односно вреднуван како капитал. Работникот не ја прифаќа позицијата во која е ставен без своја волја и согласност.

*Коренети промени*

НСДП смета дека за промена на состојбата потребни се револуционерни промени во работните односи на пазарот на труд, кои ќе опфатат и промени во работното законодавство во насока на воведување на нов модел на работни односи и организација на работата, кој ќе го надмине конфликтот помемеѓу трудот и капиталот и ќе ги вгради моралните димензии во вреднувањето на трудот, препозна-

вајќи и признавајќи ја неговата „капитална“ димензија втемелена во знаењето и вештините.

Трудот треба да биде партнер во работниот однос, а не инструментално третиран како голо средство за репродукција на капиталот. Работниот однос потребно е да се втемели врз доброволна основа меѓу двата партнера - сопствениците на парите и сопствениците на трудот. Новиот модел на работен однос, подразбира, право на учество во профитот, во добивка, која е создадена со учество на трудот, но и обврска за работникот за прифаќање на ризикот во случај на загуба во работењето на компанијата. Со овој модел на организација на работата ќе се зголеми интересот на работникот, неговата продуктивност и посветеност на работното место, ќе се унапреди користењето на средствата за работа и односот кон сопствениците на капиталот, односно ќе се надминаат елементите на експлоатација и наемништво кои ги оптеретуваат работните односи.

Работите односи и пазарот на трудот во Северна Македонија треба да се унапредат и во делот на заштитата на работнички права. Согласно законодавството на ЕУ и барањата кои се испорачуваат во извештаите за напредокот на Северна Македонија, НСДП ќе се заложи за издвојување на судските постапки поврзани со работите односи преку формирање на спцијализирани одделенија во постојните судови. Целта на овие промени е споровите од работните односи да се решаваат побрзо и поефикасно, бидејќи се работи за остварување на материјално-егзистенцијални права поврзани со плати, придонеси, престанок на работниот однос, прераспоредување и сл.

# IV. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Поради стратешкото значење на образованието во развојот на едно општество и обезбедување еднакви шанси за сите граѓани без оглед на социјалната плоложба, НСДП смета дека во Република Северна Македонија тоа треба да биде целосно бесплатно, со обезбеден бесплатен оброк, посета на музеј, екскурзии, училишни автобуси и опрема. Првите години од образованието на детето треба да му послужат за подготовка за учење и изнаоѓање на вистинскиот начин како ученикот да ја совлада материјата.

Зависно од образовниот систем, училиштата од децата можат да создаваат демократи, слободоумни и критички умови, но и фанатици, кратковиди, некритички личности, кои притоа најчесто имаат разубавена слика за својот народ и својата историја, а искривена и некритична слика за припадниците на другите етнички заедници.

Во создавањето на идни умни генерации, педагозите ја имаат благородната задача во остварувањето на оваа цел. Затоа треба да бидат ослободени од стереотипите и предрасудите, од идеолошките и политичките митови, да градат мостови на разбирање меѓу сите млади луѓе со различна етничка припадност и различни погледи на определени општествени процеси.

Времето на глобализацијата во кое живееме бара научните и образовни институции темелно да се менуваат во модерни, западни универзитети и институти, во центри за стратешки истражувања. Квалитетот на академскиот кадар во високо-образовните институции мора да биде со највисок квалитет, со високи етички норми за научна и образовна работа, само на овој начин можеме да пристапиме кон темелни реформи во општеството и менување на „балакнскиот менталитет“.

Суштината на реформите во оваа сфера е изготвување на 10 годишна стратегија за развој, со фокус на основното образование  и достигнување на ниво на писменост од 98%.

Поради фактот што скоро една четвртина од наставниот кадар во државата е нестручен, од кои некои предаваат и по седум предмети, треба интензивно да се вложува во негова дополнителна обука, квалификација, доквалификација или преквалификација.

Поради тоа што дури 52 училишта во државата имаат решенија за затворање од санитарната инспекција, неопходно е во рок од две години во сите училишта во руралните средини да се изврши реконструкција и осовременување.

Воведување на високи критериуми за упис на високите образовни институции, со цел обезбедување на повисок квалитет на запишаните студенти.

Современото образование бара изготвување на партнерски програми меѓу факултетите и компаниите, градење на мостови на поврзување помеѓу потребите на пазарот на труд и профилот на професионалниот кадат кој излегува од високообразовните установи.

Дисперзираните студии треба да останат наше лошо минато, а тежиштето да се стави на инжинерските и природните науки.

Со цел обезбедување еднаков квалитет на високото образование, неопходно е усогласување на наставните програми на приватните и државните универзитети и воведување на систем на капитација на приватните високообразовни институции. Основната цел на реформите во образованието е да се обезбеди релативно меритократска и флексибилна образовна струткура која ќе одговори на идната потреба за премин на економијата во научно и технолошко ориентиран развој.

Проширување на обемот на дуалното образование со стимулирање на домашните компании да се вклучат во изготвувањето на образовните програми на средните стручни училишта и нивно партиципирање во изведувањето на практичната настава на учениците со цел подигање на нивото на пракса во тие програми, овозможувајќи учење преку изведување на практична работа во компаниите. Гледано на долг рок, во севкупниот образовен и едукативен процес потребно е континуирано да се усогласуваат програмите за образование, за док-

валификација и преквалификација, следејќи го бизнис секторот како одговор на нивните потреби и приближување на побарувачката и понудата на пазарот на труд.

Трошоците за образование треба да достигнат ниво од 5% од БДП - Квалитетот на воспитно-образовниот процес зависи од многу фактори, но најважни се: наставникот, родителите, наставните програми и планови, учебниците, системот на оценување и унапредување на ученици и наставниците, материјално - техничката и финансиска опременост на училиштетот. Промените во воспитно- образовниот процес, во голема мерка зависат од новата улога на наставникот. Современиот наставник повеќе треба да го насочува ученикот, наместо да му пренесува готови информации. Тој едновремено треба да биде и организатор, поттикнувач, насочувач, советодавец, партнер, демонстратор, медијатор и сл. Квалитетот на работата на наставникот најмногу зависи од квалитетот на неговата теоретска и практична подготвеност, но и од професионалната надградба која ја прави во текот на целиот работен век. За создавање на таков профил на наставник потребни се неколку предуслови:

- ★ Соодветна селекција на студенти при запишувањето на наставничките факултети;
- ★ Заострување на критериумите за проверка на кандидатите за соодветните факултети;
- ★ Поголема застапеност на педагошко-психолошките и методските дисциплини;
- ★ Редовна контрола на квалитетот на наставниците во основните и средни училишта;
- ★ Подобрување на материјалниот и општествен статус на наставниците, професионална и материјална мотивираност, усовршување и самообразование;
- ★ Школувањето да започне со навршени 7 годишна возраст;
- ★ Најмалите да немаат домашни работи;

★ Без испити или полагања до 13 годишна возраст;

★ Максимално 16 ученици за лабораториска настава;

★ Доволно одмор  помеѓу часовите;

★ Обезбедување средства за користење дигитални медиуми;

★ Оптимизација на мрежата на наставни институции;

★ Враќање на автономијата на Универзитетите.

# V. КУЛТУРА

Културата на еден народ е најобјективната мерка за неговиот цивилизациски дострел. Била и ќе остане вистинскиот белег на нашиот сопствен идентитет и нивото на развој на демократските процеси. Таа е многу повеќе од градежните зафати и објекти во кои се сместени институциите од областа на културата, зградите сами ќе израснат доколку постојат квалитетни културни содржини. Во услови на општествена и економска криза, токму културата треба да ја има преродната улога да повикува на размислување - совладување на проблемите на сегашноста. Културата значи и повеќе слобода и можност за создавање на слободоносечки, креативни и критички индивидуи. Првата жртва на долгата македонска транзиција беше токму културата, бидејќи вложувањата во неа не носи профит на краток рок и не обезбедува брзо богатење. Во меѓувреме примитивизмот, провинцијалниот дух и националистичката митологија станаа нова парадигма. За формирање на автономни културни личности, неопходен услов се стабилни културни институции и свест за потребата од долгорочен процес за творечко и естетско обликување на мислењето и вкусот на граѓаните. Културата несомнено е врзивно ткиво на хетерогените општества какво што е нашето. Колку и да е локална културата секогаш е дел од светот.

Сметаме дека во Република Северна Македонија секое населено место  мора да има библиотека и музеј, бидејќи тие се симбол на цивилизираност.

Во поголемите регионални центри, треба да се формираат оперско-балетско и театарски институции, во кои ќе се изведуваат дела на припадниците најразличните етнички заедници.

Културните аташеа во ДКП во соседството и светските метрополи, како и формирањето на нови културно-информативни центри во странство, треба да допринесат за поголема афирмација и промоција на нашата култура и зголемување на културната понуда.

Максимално треба да ги користиме можностите што ни го пружаат УНЕСКО, ИПАРД, 17+1, вклучително и други меѓународни организации и асоцијации, бидејќи културата е душата на еден народ. Симболичната соработка што културните институции ја имаат со невладиниот сектор, треба да прерасне во секојдневна пракса, особено околу социјалниот ангажман на политиката за афирмација на современото творештво и наградување на творците.

Афирмацијата на грижливото чување на нашето културно наследство е вистинскиот пат кон зачувување на нашето национално достоинство. Вградувајќи го во нашиот образовен систем, културното наследство ќе стане составен дел од светското културно наследство.

Во оваа насока ќе донесеме нов закон со проширена листа на објекти за нивната заштита и конзервација и прецизно утврдени услови, функции и надлежности на државните институции, независно дали се работи за материјалното или нематеријално културно наследство.

На институционален план ќе предложиме формирање на ново министерство што би се грижела за развој на културата и културниот туризам. Едно вакво министерство, покрај поддршката на творештвото и културните манифестации, позитивно ќе влијае на зголемување на нашиот БДП. Туризмот како една од главните стопански гранки во подем, неопходно е врзан со културата на секоја  држава. Со промоција на нашето културно и природно наследство, Република Северна Македонија, својата енергија ќе ја насочи кон сопствен самоодржлив културен развој. Тој тип на министерство ќе овозможи и побрза интеграција со соседните држави и афирмација на современата македонска држава.

# VI. ЖИВОТНА СРЕДИНА

## СТРАТЕШКА ТЕМА - КОНЗЕРВАЦИЈА НА ПРИРОДАТА

Посветеност кон заштитата на природното наследство и биолошка разновидност, спроведување на Националната стратегија за унапредување на биолошката разновидност и инвестирање во стратешките цели на Конвенцијата за заштита на биодиверзитетот.

*Програми:*

- Изработка на национална „црвена листа“ на видови див свет, согласно застапеноста и загрозеноста на нивните популации и приклучување кон меѓународната „црвена листа“ на Меѓународниот музејски совет, комплетирање на националната репрезентативна мрежа на заштитени подрачја, како и донесување на национална листа на инвазивни видови;
- Зголемување на процентот на заштитени локалитети во природните подрачја, преку студии за нивна валоризација и прогласување на национален парк или парк на природата;
- Зголемување на инфрастуктурниот, човечки и технолошки капацитет на јавните установи и општините во насока на поголема ефикасност во управувањето со заштитените подрачја и реставрација на екосистемите;
- Донесување на нов закон за природа, нов закон за почви, нов закон за заштитени подрачја и нивно вградување во европската мрежа „Натура 2000“;
- Иновативни мерки за заштита и унапредување на јавното и урбано зеленило, зголемување на процентот на уредено зеленило во селата, со цел подобрување на животната средина и создавање нови зелени работни места;
- Пребројување и ажурирање на податоците за идентифукува-

ните еколошки значајни подрачја за птици, растенија, крупни животни, габи и пеперутки, како и проценка на нивниот био-потенцијал за вклучување во искористување во комерцијални цели како екосистемска услуга, вклучително и ревидирање на квотите за нивно одржливо собирање;

- ★ Заштита на дивиот свет од илегално ловење и трговија во и надвор од земјата, преку вклучување во меѓународните напори за намалување на побарувачката на трофеи од животни;
- ★ Спроведување кампања за подигнување на јавната свест за значењето на „Натура 2000“ и вредностите на геодиверзитетот и геонаследството;
- ★ Детално картирање и моделирање на промените кај планински пасишта и спроведување мерки за нивна ревитализација;
- ★ Мотивирање на алтернативен, рурален, еколошки туризам во езерскиот и планинскиот предел заради заштита на природата.

## СТРАТЕШКА ТЕМА - ДИШЕМЕ ЧИСТ ВОЗДУХ

Приоритизирање на мерките за намалување на загдувањето на воздухот во градовите преку стимулации за инсталирање филтри на оџаците во домовите и иднустријата и водење постојан мониторинг и статистичка обработка на податоци, со што би се создала база на податоци врз основа која може постојано да се унапредува квалитетна мерка за заштита.

*Програми:*

- ★ Изработка на стратегија и создавање на инвестициска клима за изградба на инфрастрктура за централно греење за приклучување на секој објект во секој град;
- ★ Приклучување кон светските напори за намалување на искористувањето на цврсти и фосилни горива, преку субвенционирање на јавни и приватни објекти за замена на постоечките нееколошки

системи за греење со технологии засновани на природни извори на енергија (сонце, термални води, ветер, гас), како и технологии за зголемена енергетска ефикасност преку повисок степен на изолација и користење на еко-сијалици, АЦ инвертери итн.;

- ★ Изработка на нов правилник за забрана на користењето на јаглен, влажно дрво, нафта, нискоквалитетни пелети, како и секаков вид отпад во ложишта за индустриски и домаќински цели;
- ★ Разработка на систем за сеча и достава на сува дрвна маса до крајните потрошувачи од страна на Македонски шуми, чија влажност не би надминувала 20%;
- ★ Субвенционирање на јавните и приватните превозници за јавен градски и меѓуградски превоз за набавка на возила на погон на метан, бензин или електрична енергија;
- ★ „Зелена транзиција“ на транспортниот сектор: Изработка на План за зелена мобилност, преземање и поддршка на различни индивидуални и колективни иницијативи за зголемување на бројот на електрични возила на патишата. Поставување на цели за нивна зголемена употреба од страна на јавните институции и претпријатија;
- ★ Стимулирање на производството на струја од соларна и ветерна енергија во домаќинствата и електроцентралите;
- ★ Зајакнување на законодавството за контрола на издувни гасови од мобилни извори и негова строга примена од страна на станиците за технички преглед, со посебен фокус на стари возила од увоз, воведување на 6 месечна контрола на ризични возила, како и елеминирање на екстремните загадувачи од сообраќај;
- ★ Утврдување на зони на ниска емисија на стакленички и издувни гасови;
- ★ Забрзување на процесот на реконструкција и модернизација на електростатскиот таложник и десулфуризаторот во РЕК Битола, со што се решава децинискиот проблем со високо ниво на прашина и сулфур во во овој регион;

★ Воведување мерки и технологии за контрола, намалување и избегнување на индустриските емисии на неразградливи органски загадувачи (PoPs) и испарливи органски соединенија (VOC) во амбинталниот воздух, вклучително и воведување правилник за нивни гранични вредности на емисија;

★ Поставување на мерни станици за квалитетот на амбиентниот воздух во скеој град и село;

★ Стимулирачки мерки за набавка на нови возила на хибридни или електрични возила преку намалена акциза и данок, како и преку воведување на повластувања при регистрирањето на овие возила во првите 5 години;

★ Стимулирачки мерки за домаќинствата за користење на оџачарски услуги како мерка за намалување на ПМ 10 честички во сите рурални населби;

★ Воведување на обврзувачки цели за редукција на стакленичките гасови.

## СТРАТЕШКА ТЕМА - ЗДРАВА ВОДА ЗА СИТЕ

Поригорозна контрола на ослободувањето на хемикалии, пестициди и детергенти во езерата, реките и површинските извори на вода, лимитирање на експлоатацијата на чистата вода во индустријата и ревидирање на состојбите на заштитеност на изворите на вода за пиење.

*Програми:*

★ Стимулирачки мерки за пошумување и зазеленување на површините околу водните токови со цел заштита од ерозија и зачувување на чистотата на слатката вода;

★ Студија за изградба на систем за реупотреба на комуналната и индустриската отпадна вода во техничка вода во индустријата, со што отпадните води нема воопшто да се испуштаат во водните екосистеми;

- Национална стратегија за контрола на квалитетот и искористување на подземни води за наводнување за земјоделски полиња и за градското зеленило, со цел заштита на водата за пиење во градовите и селата;

- Одредување на заштитни зони во Охридско езеро, Преспанско Езеро и Дојранско езеро и нивните извори и сливови, со цел зачувување на слатководниот жив свет и неговата разновидност, особено во зони со висок притисок од антропогено влијание од урбанизам, сообраќај и туризам, што ќе вклучи и ревидирање на мерките на забрана за лов и рибовол;

- Интензивно чисење на речните корита од отпад, шут, вегетација и уредување на нивните насипи;

- Изградба на канализациски мрежи во руралните региони и изградба на прочистителните станици за отпадните води во помалите градови со цел заштита на малите реки.

## СТРАТЕШКА ТЕМА - ЗЕМЈА БЕЗ ОТПАД

Продолжување на кампањата “Чисто како дома исто” за јакнење на јавната свест за зачувување на животната средина, поттикнување на новите трендови за развување на побарувачка за еколошки подобни продукти, кои што не загадуваат, како што се биоразградливи или рачно изработени продукти, вклучувајќи и правилно управување со отпадот.

*Програми:*

- Поттикнување на јавни дебати за постапно преминување кон циркуларна економија, со цел намалување на депонираниот отпад до едноцифрен процент на национално ниво и зголемување на процентуалниот удел на материјали кои можат да се рециклираат (вклучително пластичен, електронски, метален и индустриски отпад). Вклучување во меѓународни форуми за инвестирање во нови трендови на водење бизнис и зголемување на зелените работни места;

- ★ Формализирање на работните места поврзани со примарната селекција, препакување, рециклирање и репарација кои не се внесени во националната класификација на занимања. Притоа овозможувајќи им лицата на овие работни места да се вклучат различни форми на самовработување, со што ќе се стекнат со социјално и здравствено осигурување, на тој начин давајќи мотив невработените да се вклучат во циркуларната економија;

- ★ Забрана за користење на увозен и домашен отпад за суровина и енергенси во индустријата и домаќинствата;

- ★ Забрзување на отворање на регионалните депониии за комунален отпад во Полошкиот, Источниот и Североисточниот плански регион, со доследно спроведување на Планот за управување со отпад 2018-2024г.;

- ★ Стимулирање на три града да воведат интегриран систем на примарна селекција на отпадот, со целосен опфат на сите жители, вклучувајќи и ангажирање на јавните комунални претпријатија и приватниот сектор.

## СТРАТЕШКА ТЕМА - ЗДРАВА ПОЧНА

Балансиран економски развој со заштитата на почвата, преку ниска потрошувачка на енергија, ниски емисии на загадувачки материи и висока ефикасност при користењето на ресурсите во текот на економската активност.

*Програми:*

- ★ Забрана за отворање нови рудници за минерални суровини во државата и фокусирање на суровини од незагадувачки технологии;

- ★ Ревизија на концесиите на сите рудници со склучување на нови построги режими за ревитализација на природните предели на рудниците, како и заострување на регулативата за експлоатација на минералните суровини;

- ★ Акции на пошумување и враќање на автохтони видови растенија во деградираните шуми;
- ★ Обновување и превенција од пожари на прекуграничниот шумски појас;
- ★ Зголемување на контролата на експлоатацијата и намалување на дивата сеча на шумите;
- ★ Акционен план за користење на екосистемски услуги;
- ★ Традиционалени мерки за реставрација на живеалишта за заштита на биодиверзитет во шумите;
- ★ Превземање мерки за креирање зелени работни места во руралните предели во насока на воведување на истражувачи и чувари на природните предели, заштитените подрачја и шумите, како и управувачи со одржливо користење на шумските плодови;
- ★ Стимулирање на земјоделство кое помага во реставрација на почвите, заштита од ерозија и зачувување на нивниот квалитет.

## СТРАТЕШКА ТЕМА - ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ

Интензивно вклучување на институциите на државно и локално ниво, по хоризонтална и вертикална линија, во спроведување на мерките за намалување на уништувањето на природата и загадување на животната средина, вклучително и воспоставувањето на одржлива потрошувачка на природните суровини.

*Програми:*

- ★ Создавање државна агенција за зачувување на природните вредности и проширување на капацитетите на природнонаучните музеи во четири плански региони, со цел да работат на научно - истражувачка дејност, инвенаризација и мапирање на природните предели, живите видови, живеалиштата и геодиверзитетот на национално ниво;

- ★ Локалните самоуправи субсидијарно да презема дел од надлежностите за надзор и поефикасна заштита на природното наследство;
- ★ Формирање на еколошки фонд од државниот буџет, насочен за инвестирање во најдобро-достапни технологии во индустријата за намалување на загадување на животната средина;
- ★ Надополнување на законските и подзаконските акти за ограничување на испуст на емисии на загадувачи во животната средина;
- ★ Вклучување на граѓаните во истражувањето и предлагањето решенија за заштита и унапредување на природата, животната средина и јавното здравје, преку едноставно достапни механизми за комуникација;
- ★ Интензивирање на соработката во борбата против еколошкиот криминал помеѓу надлежните институции - полицијата, судството, обвинителството, правобранителството и разните инспекциски служби, со преточување на светските практики во делот на опременоста, бројноста и надлежностите;
- ★ Унапредување на националниот систем за рано предупредување со навремени информации за населението преку мапирање на ризични точки од поплави, суши, мразови, град, пожар и сл. Со воспоставен систем на информирање на земјоделците преку телефонски пораки како најзагрозена група;
- ★ Опремување и поставување во функција на државната референтна лабораторија за воспоставување ред во мерењата и анализите за загадувањето;
- ★ Воспоставување на еколошка одржливост во јавните тендерски набавки.

## СТРАТЕШКА ТЕМА - ОТПОРНОСТ НА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Поддршка за создавање на отпорни градови и села на климатски промени со одржливо урбано планирање, преку инкорпорирање на иновативни решенија за декарбонизирана инфраструктура, зелена инфраструктура, решенија за реставрација на природните вредности и паркови во руинираните урбани делови.

*Програми:*

- Адаптирање на ДУП-те во сите општини во насока на развивање на отпорност кон различни климатски и природни несреќи и промени.
- Организирање на национална конференција за правилно управување со брзата агломерација на населението во големите градови, соодветно на капацитетот на животната средина;
- Еколошки ориентирано планирање на урбаната и руралната сообраќајна мрежа;
- Обезбедување даночни олеснувања за лица кои преземаат мерки за намалување на загадувањето од нивните приватни и деловни дејства;
- Стимулирање на иновативните бизнис модели кои инвестираат во еколошки одржливи деловни активности;
- Изработка на стратешки планови за адаптирање на земјоделството кон климатските промени со примена на програми за планирани насади на култури соодветни на климатските промени, ефикасно искористување на почвата за поголем принос, поголема безбедност на храната и отпорност на земјоделското производство кон елеменарните непогоди;
- Инвестирање во подобрување на условите на живот на земјоделските и сиромашните краеви, кои директно зависат од варирањето на природните ресурси и нивната деградација;
- Стимулиање на одгледување и откуп на органски и автохтони продукти, произведени со примена традиционални земјодел-

ски техники на обработка на земјиштето.

- Изработка на зелен катастар за планирање на озеленувањето и пошумувањето во насока на поголема отпорност градовите кон климатските промени.

# VII. ПРАВДА И ПРАВЕН СИСТЕМ

Правна држава не може да постои доколку не постои систем на строго контролирана власт, поради тоа и ни се случува состојба во која партијата што ќе победи на изборите практично акумулира неограничена моќ, која не се воздржува да ја употребува и за влијание врз правосудниот систем. Во ваков политички контекст, судската власт ги губи своите капацитети да ги штити граѓаните од дефектноста на политичкиот систем.

За НСДП правна држава ќе постои само во услови кога судската власт ќе има реални капацитети и инструменти да може да го следи работењето на извршната и законодавната власт низ призма на правниот поредок.

Анахронизам и спротивно на принципот на владеење на правото и демократија е судските реформи да се прават со партиско-политички пазарења за избегнување на одговорноста.

Нема реформи без високи етички стандарди кај обвинителите и судиите.

Во Република Северна Македонија конечно ќе има правда, само тогаш, кога обвинителите и судиите ќе престанат да одлучуваат во полза на политичарите, а тоа ќе биде можно само доколку се избираат транспарентно и во строга пропишана процедура во која ќе може да се изберат креативни и принципиелни поединци, способни, на морален план доблесни луѓе, кои ќе бидат подложени на целосна проверка на нивната стручност и компетентност.

# VIII. ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ

Бидејќи економијата има централно место без која не може да се замисли организирано и напредно општество, сметаме дека институциите на системот треба да се остават на функционираат на начин кој ќе обезбеди поефикасно спроведување на економските политики. Процесот на промени мора да биде континуиран и независен од парцијални потреби или интереси на одредени интересни групи.

Суштината на успехот на економските политички лежи токму во инклузивноста на институциите на системот.

За Република Северна Македонија да постигне двојно поголем БДП од денешниот во период од 10 години и да достигне ниво на развој од 70% од просекот на ЕУ потребни се високи стапки на реален годишен економски раст помеѓу 7% и 9%, буџетски дефицит од 2% до 3% , придружувани со стапка на инфлација помеѓу 4% и 5%.

Предуслови за остварување на овие програмски цели се:

1) Реални анализи за домашните потенцијали и ресурси, од човечки преку материјални па се до капитални;
2) Зајакнување на улогата и учеството на стопанските комори во креирањето на економските политики;
3) Стабилен политички систем, стабилна влада и реформа во администрацијата, поттикнати и од членството во НАТО и ЕУ;
4) Земјишна реформа;
5) Максимално искористување на странска помош и програми, особено на ЕУ фондовите;
6) Развој на инфраструктурата со реализација на капитални инвестиции од 500 милиони евра на годишно ниво;

7) Образовни реформи кои ќе се развиваат во постојана и директна комуникација и дијалог на образовните институци со асоцијациите на работодавачите и сите други заинтерсирани субјекти, и секако со научните институции;

8) Рамномерен и мултидимензионален економски развој насочен кон спречување на емиграцијата на населението;

9) Забрзување на економскиот раст со едновремено подобрување на дистрибуција на приходите;

10) Системски пристап во градењето и остварувањето на политиките на економски развој, имајќи ја во предвид ранливоста на македонската економија од шоковите што произлегуваат од “глобализацијата”.

## БУЏЕТСКА ПОЛИТИКА

Што побрзо донесување на мерки за реформи во буџетската потрошувачка, особено во делот на капиталните инвестиции и земјишната политика (окрупнување на земјиште, пренамена на пасишта во земјоделски површини, изградба на системи за наводнување, стимулирање на оранжериско производство, брендирање на извозни производи, истражувачки центри, зелена енергија и др.).

Развивање на мерки за забрзување на индустрискиот раст во руралните средини преку поддршка за отворање на мали производствени капацитети кои ќе бидат во функција на зајакнување на извозот на преработки од земјоделски производи, производство на делови за земјоделска механизација, вклучително и на делови наменети за системи за наводнување. На овој начин ќе се зајакнат врските меѓу земјоделското производство и индустријата, ќе се обезбеди избалансиран раст, поголема еднаквост и креирање на нови работни места.

На институционален план новата Влада треба да изврши организациска и институционална реконструкција со цел, постепено да се деполитизираат економските активности, особено во сферата на фискалната и монетарната политика. Во основа, Владата треба постепено да излегува од пазарите на капитал, да го рекомпонира буџетот кон

инвестициски цели, да создаде професионална администрација и ефикасно да ги менаџира социјалните проблеми. Приоритет на Владата треба да биде создавање на соодветни образовни и научни институции, поддршка на науката и новите технологии, изградба на физичка инфраструктура, развој на јавно-приватно партнерство во сите можни сегменти каде што има изразен приватен интерес и недостаток на јавни финансии, вклучително и понагласен развој на извозно ориентирани индустриски зони, бизнис инкубатори, научни центри и сл.

Клучот треба да биде во поставување на доволно флексибилен буџет и фискален систем кој ќе ја следи новата одржлива економска политика и ќе биде подготвен да врши брза и ефикасна прераспределба на ресурси на микро план. Трошењето на буџетските пари за поддршка на стопанството да биде подложно на мерење на реалните ефекти кои се испорачуваат.

Состојбата на недостиг од природни ресурси, треба да се пополни со посветување на поголемо буџетско внимание на развојот и достапноста на човечкиот капитал, со цел да се редуцира зависноста од природни ресурси.

Примарно е да се обезбеди високо ниво на национална економска флексибилност со можност за брзо прилагодување на нови производи и нови пазари. Во моментов развојот на македонската економија го диктира секторот градежништво кое учествува со највисока стапка во растот на БДП. Наспорти градежништвото, замјоделието и покрај огромните субвенции испорачува негативни ефектите, извозот на земјоделски производи опаѓа, а увозот постојано расте.

На преработувачката индустрија отпаѓа ¾ од вкупното индустриско производство и реално е да се очекува овој сектор во иднина да биде главен двигател на економскиот раст на земјата. Од друга страна пак фактот што 1/3 од вработените во индустријата се во текстилот, прави голем дисбаланс.

Нашата економија во основа треба да биде фокусирана на производство на храна, развој на металопреработувачка индустрија, индустријата за автоделови, производство на мебел, хемиската, како и фармацевтската индустрија, кои имаат најголема шанса за успех,

споредени со потенцијалите за развој и според тоа кои индустриски гранки остваруваат поголем извоз од увоз.

Во приоритетите на буџетската политика потребно е да влези стимулирање и поддршка на инвестициите во истражување и развој(R&D), со таргет од сегашното ниво од околу 0,5% учество во вредноста на БДП, во 2025 година да достигне ниво од 2%. Иако доминантниот дел од R&D се спроведува во рамки на приватниот сектор, придонесот на Владата потребно е да се зголеми со финансирање на истражувачки институти и научни паркови, што е од огромно значење за задржување на стручните кадри и научници во земјава. Во овој значаен економски сегмент, фокусот треба да се задржи и на насочување на финансиска помош кон развојот на малите и средни компании.

## ДАНОЧНА ПОЛИТИКА

Државата треба да води транспарентни даночни политики, да се залага за задржување на фер даноци, но во исто време да да ги зајакне и контролние механизами на трошењето на народните пари.

Транспарентноста е најдобар начин за неутрализирање на лошото менаџирање кое произлегува од партизацијата на администрацијата. Законите треба да се конзистентни, со јасни подзаконски акти, со издржаност на сите толкувања и со целосно квалификувана даночна управа. Потребно е даночните органи на јасен и транспарентен начин да организираат јавна база на мислења (стручни толкувања) во врска со промената на даночната регулатива. За избегнување на еднostraноста, објавените ставови и мислења би требало претходно да бидат конзилијарно проверени и потврдени од посебно формирано тело составено од претставници на даночните органи, професионалната заедница, асоцијација на сметководители, даночни советници, адвокати, консалтинг компании и сл., во рамките на посебно формирано формално тело. На ваков начин, професионалци ќе ги разрешуваат отворените дилеми во врска со даночната регулатива и ќе заземаат ставови по одделни прашања согласно со прописите. На овој начин би се елиминирале различните ставови и толкувања за исти даночни прашања. Ваквото централизирање на мислењата ќе ја намали потребата од нив, со истовремено влијание за надминување и на лошите законски решенија во оваа сфера.

Потребна е воведување на континуирана едукација на инспекциските служби и стриктни казнени одредби во случај на непримена на законите или губење на споровите со компаниите кои имаат иницирано судски спорови во врска со повреда на нивни законски права од делот на примената на даночната регулатива.

Сите даночни закони и нивните подзаконски прописи да се објавуваат во Службен весник најдоцна една година пред годината на нивна примена. Така ќе се елиминира неизвесноста во бизнис планирањето и можножстите за избегнување на даночни плаќања.

Даночната политика треба да биде корективна и насочувачка, а не казнена.

НСДП ќе се залага секоја издадена фактура, освен единствениот даночен број (ЕДБ) на издавачот да го содржи ЕДБ на клиентот. Двете страни да имаат обврска на крај на даночен период да доставуваат извештај кој ќе содржи список на фактури каде ќе бидат вметнати информациите за ЕДБ на двете страни и износот на данокот изразен во фактурата.

Неопходно е водење на даночни политики од страна на владата кои повеќе нема да ги толерираат даночните долгови кои ги имаат јавните претпријатија и акционерските друштва со доминантна државна сопственост, односно мора најбрз можен временски период овие даночни побарување да се реализираат.

Подготвување на даночна стратегија во согласност со целите и таргетите содржани во стратегија Европа 2020: (1) таргетирано намалување на даночното оптоварување на трудот заради зголемена вработеност; (2) проширување на даночните основици; (3) даночни мерки за намалување на склоноста за застајување кое го предизвикува оданочувањето на домувањето (housing) и компаниите; (4) добро дизајнирани даноци кои промовираат раст и конкурентност, особено кај оданочувањето на домувањето, заштитата на животната средина, истражувањето и развојот; и (5) мерки за подобрување на наплатата на даноците (прочистување на даночните прописи) и подобрување на даночната администрација.

НСДП смеа дека и во оваа сфера не треба да се отстапува од базичните традиционални вредности на социјалдемократијата, како што се правдата, еднаквоста, слободата и изградбата на социјално општество. До остварување на овие цели може многу побрзо да се дојде со воведување на прогресивниот данок. Смислата на овој данок е државата да ги помага послабите, немоќните, напуштените, маргинализираните, понижените и обесправените, заштитувајќи ги од суровоста и негативните ефекти на системот. Изградбата на еднаков и праведен систем, во кој ќе постои праведна распределба на богатството во општеството, претставува политички императив. Тоа пред се ќе значи воведување на институционални механизми со кои оние кои имаат пари, еден ист дел ќе издвојуваат за оние кои немаат пари, но имаат нешто друго-сопственост, талент, интелект, знаење, без што не може да се замисли опстанокот на една држава или општество. Дури и оние кои не поседуваат ништо од овие особини и вештини, се вистинска и доволна причина да се бориме и за нив.

НСДП ќе се залага за развивање на социјална компонента во даночната политика која ќе биде насочена кон корегирање на нееднаквата и нефер дистрибуцијата на богатството и доходите во општеството, односно развивање на даночни механизми за редистрибуција на концентрацијата на богатсвото од најбогатите кон најсиромашните, како и негово канализирање кон развој на образованието и здравството.

Наша определба е дека со прогресивниот данок ќе се забрза процесот на враќање на средната класа на општествената сцена. Несомнено дека станува збор за релативна и тешко мерлива категрогија, чиј резултати може да се почувствуваат на подолг рок, но тоа не треба да обесхрабрува во социјалните политички определби за развивање на редистрибутивни механизми во даночната политика.

Прогресивниот данок треба да биде извор на приходи за финансирање на социјалните трансфери кои се вршат од страна на државата.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНА КЛИМА

Еден од основните приоритети на НСДП претставува континуираното унапредување на деловна клима во земјата како начин на стимулирање на секторот на мали и средни претпријатија кои се основен

двигател на секоја економија, но и сигнал за домашните и странските инвеститори при правењето на избор за пласман на своите инвестиции.

Во таа насока во завршна фаза е проектот за креирање на заедничка платформа за отпочнување бизнис со која се врши проширување на едношалтерскиот систем на Централниот регистар со поврзување со Управата за јавни приходи и Агенцијата за вработување. Со овој проект компаниите уште при самото основање на компанија ќе можат да се пријават за доброволна регистрација за ДДВ цели и да ги пријавата првите вработени. Дополнително во идниот период се планира во соработка со здружението на банки да се овозможи автоматско активирање на избраната банкарска сметка во процесот на основање на компанија. Сите овие чекори ќе придонесат кон драстично подобрување во рангирањето на Република Северна Македонија на Doing Business извештајот на Светска Банка во категоријата „Отпочнување на бизнис", а со самото тоа и позитивен сигнал како кон домашните така и кон странските инвеститори при изборот на дестинација за пласман на својата инвестиција.

Друга компонента која е во контекст на подобрување на деловната клима е обезбедување на олеснет пристап кон кредити за малите и средни претпријатија и претприемачите. За таа цел се планира воспоставување на интегриран систем за обезбедени трансакции кој во себе ќе ги интегрира механизмите за обезбеден невладетелски залог, лизинг, фидуција, и продажба со задржување на правото на сопственост. Покрај ова ќе се олесни и процесот на пријавување на обезбедените трансакции и ќе се овозможи олеснет електронски пристап до информации за должничко-доверителски односи, но и средства кои се користат како обезбедување. Покрај директните бенефити за домашните компании во контекст на олеснување на пристапот до кредити, проектот ќе има и директно влијание врз зголемување на рангот на земјата во Doing Business извештајот во категоријата „Пристап до кредити" што е повторно ќе преставува позитивен сигнал за домашните и странските инвеститори.

Еден од клучните проблеми со кој се соочуваат компаниите во земјата е добивањето на дозволи и лиценци за различни видови на активности. Имено процесот е дисперзиран на ниво на централна и локална власт и во земјата дури не постои ни централизирана инфор-

мација за сите видови на лиценци и дозволи кои им се потребни на деловните субјекти за определени активности, како и информација за потребните документи и докази за добивање на предметната лиценца или дозвола. Целиот процес е нетранспарентен, најчесто се води рачно и не постои увид во бројот на издадени лиценци и дозволи ниту пак нивниот статус. Со цел да се надмине оваа состојба предлагаме имплементација на централизирана платформа за евиденција на сите лиценци и дозволи кои се издаваат во земјава. Централниот регистар презема иницијатива во соработка со сите инстанци на локално и централно ниво за воспоставување на централизираната платформа за евиденција на лиценци и дозволи. Информацијата за издадените лиценци и дозволи ќе биде интегрирана во тековната состојба на компаниите и со тоа ќе се има ажурен преглед на сите издадени лиценци и дозволи но, и нивниот статус, времетраење и валидност. Покрај ова Централниот регистар ќе обезбеди и информација за сите потребни услови за добивање на лиценца или дозвола за определена активност во форма на водич за сите идни компании кои планираат да отпочнат некоја активност за која е потребна лиценца или дозвола. Со тоа бизнисот од една страна ќе има информација за барањата но, и за нивните деловни партнери во поглед на валидноста на нивните лиценци, додека државата ќе добие централизирана информација за сите издадени лиценци и дозволи, нивниот статус но и алатка при планирање на евентуален инспекциски надзор. Јавноста на информациите води кон транспарентност, а транспарентноста е основен предуслов за поттикнување на поволна деловна клима и намалување на корупцијата.

Воедно сметаме дека е потребно да се интервенира во Законот за девизно работење и тоа во два дела. Првиот дел се однесува на „легализација на купениот имот во странство“ на македонските државјани, односно до 31.12.2018 година македонските државјани не можеа да купат имот во странство. Дел од македонското население поседува имоти во странство кои го стекнале по разни основи (купопродажба со друго државјанство, подарок, наследство итн.) предлагаме тој имот да го пријават и да се евидентира, со што истиот ќе може полесно да се отуѓи и заложи кај деловните банки, а со тоа и ќе се подобри деловната клима во државата. Вториот дел се однесува на точната евиденција на вложувањата во директните инвестиции во

земјата, конкретно евиденцијата на нерезиденти и резиденти во државата.

## РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ВО КОНТЕКСТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНА КЛИМА

Македонската економија имајќи ја во предвид нејзината големина неминовно е упатена на соработка со своите соседи, но и со поширокиот глобален пазар.

Берлинскиот процес е еден од основните механизми за регионализацијата како подготовка на нашиот регион за пристапување кон Европската Унија. Во рамките на Берлинскиот процес се покренати мноштво проекти во насока на интеграција на регионот на инфраструктурно, економско и технолошко ниво.

Еден од најзначајните проекти во овој домен претставува формирањето на Регионалниот портал на бизнис регистри која има за цел да ги поврзе сите бизнис регистри од регионот на Западен Балкан со што се овозможува едноставна размена на корпоративни и финансиски податоци за сите компании од регионот, директно од изворите на податоци и без посредници. Централниот Регистар заедно со Агенцијата за Деловни Регистри на Република Србија го основаа регионалниот портал, а кон него во моментот се приклучени и Албанија, Црна Гора и Република Српска (БиХ), а се очекува и многу скоро приклучување на Косово и Федерацијата БиХ.

Регионалниот портал ќе биде централно место за услуги за сите домашни и странски правни лица кои сакааат да обезбедат информација за своите трговски партнери, но и за домашните и странските инвеститори кои сакаат да се информираат за потенцијалните инвестициски можности во регионот. Со ова инфраструктурно поврзување се дава директна помош на домашните правни лица во нивните напори на обезбедување на нови пазари но, и на добивање на правовремена и веродостојна информација за своите постојни и идни партнери.

Во следниот период се предвидува понатамошно проширување на порталот во насока на зголемување на палетата на услуги кон бизнис заедницата но, и исполнување на барањата на новата Директива

за трговско право на Европската Унија, која е основа за отворање на поглавје 6 од преговорите со Унијата во пристапниот процес.

Еден од предлог проектите во оваа насока е размена на информации за дисквалификувани директори (лица на кои им е изречена забрана за вршење на дејност) што е барање на предметната директива, но и ќе претставува значајна алатка во превенцијата на меѓу-гранично прелевање на сомнителен капитал, како и заштита на доверителите и заинтересирани трети страни. Со тоа бизнисите ќе можат да добијат правовремена информација за евентуални негативни настани поврзани со нивните бизнис партнери од регионот и да ги заштитат своите побарувања.

Крајната цел на порталот е да обезбеди и електронски услуги за меѓу-гранична регистрација на подружници, трансфер на седиште на компанија и меѓу-гранични спојувања, кои се исто така барање од Директивата за трговско право. Со постигнување на оваа цел, драстично ќе се намалат трошоците за работење во регионот за оние компании кои имаат активности во соседните земји, со што ќе можат на едноставен начин по електронски пат од својот национален регистар да префрлат своето седиште во друга јурисдикција или да отворат подружница. Со ова нашата држава ќе ги исполни барањата од Директивата, но она што е позначајно е дека ќе им овозможи на домашните компании огромни олеснувања во нивната потрага по нови пазари и нови деловни партнери, со што се дава дополнителен стимул за растот на домашната економија.

## ИНВЕСТИЦИИ

Трансформација на институционалното организирање во доменот на инвестициите, со цел унапредување на севкупната ефикасност и ефективност во делот на креирањето и спроведувањето на економските политики за поддршка на инвестициите. Спојувањето на постоечките институции и државни органи поврзани со инвестициите во единствена институција - Министерство за инвестиции или Агенција за инвестиции, кое ќе развива, имплементира и административно спроведува политики за поддршка на нови домашни и странски инвестиции, вклучително и промовирање на условите за отпочнување и водење бизнис во земјава.

Неопходно е зајкнување на поддршката на инвестициите во насока на јакнење на деловната соработка меѓу домашните и странските компании преку обезбедување на дополнителна буџетска поддршка за компаниите со домашен капитал кои се вклучени или ќе бидат вклучени во добавувачките ланци на странски компании. Исто така и воведувањето на дополнителни финансиски стимулации за унапредување на техничко-технолошкото ниво на компаниите, со цел градење капацитети за спроведување на напредни производни процеси кои ќе вклучуваат инпути со поголема додадена вредност.

## ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА

Основен проблем на македонската текстилна индустрија е тоа што над 90% е концентрирана во лон производство, со отстуство на сопствени брендови и иновации, ниска продуктивност и конкурентност.

За надминување на овие состојби, ги предлагаме следните решенија:

- Фокусирање на стимулирање на развивањето на домашни бредови и нивно производство;
- Зголемување на продуктивноста преку повисоката автоматизација на производството, односно користење на софистицирана и автоматизирана опрема за кроење и ширење;
- Обезбедување на државна финансиска поддршка на текстилните компани за набавка на нови и современи автоматизирани машини кои не се намети за лон производство, како и намалување на царините за репроматеријали за овие производствени линии;
- Подигнување на квалитетот на образовните програми за дизајнерски кадри и сл.

## ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА

Со затворањето на Охис и на Хемтекс, Северна Македонија изгуби значајни големи капацитати и потенцијали за развој на хемиската индустрија. Во моментов сите производни капацитети се мали и ра-

ситнети, без најави за одредени промени и окрупнувања. Потребно е да се направи анализа на постоечката состјоба, потенцијалите и потребите во оваа индустриска гранка, а потоа и да се креира државна стратегија за нејзин развој.

## ФАРМАЦЕВТСКА ИНДУСТРИЈА

Во делот на фармацевтската индустрија, државата како најголем корисник на нејзини производи и услуги мора да креира и води транспарентен процес на набавки, со спроведување на увид во политиката на трошоци кај производителите. Потребно е избегнување на дуплирањето на капацитетите за исти фармацевтски производи. Конкуренцијата треба да е обезбеди со поддршка на компаниите за настап и освојување на странски пазари. Потребно е да се развијат владини мерки за финансиска поддршка на компаниите од овој сектор, особено во делот на R&D, кој ќе вклучува развивање и на соработка со факултети и научни институти, спроведување на постапки за лиценцирање и патентирање на производи и услуги. Посебен фокус треба да се даде на развојот на производи наменети за извоз, и тоа на иновативни лекови и галенски лаборатории кои користат препарати од домашно потекло.

## МАШИНСКА ИНДУСТРИЈА

Во рамки на економските политики потребно е развивање на посебни инструменти за поддршка и развој на машинската индустрија, како важен сегмент на стопанството кој во изминативе децении претрпи значајни удари со затворањето на голем број фирми.

Предлог решенија:

- Воведување на изедначени политики за поддршка на производители од овој сектор независно дали се домашни или странски;
- Целосно укинување на царинските стапки за увоз на машини кои се неопходни за производните процеси од овој сектор;
- Финансиско стимулирање на поврзувањето на домашните производители на машинска опрема и делови со странските инвес-

титори кои работата во земјава;

- ★ Поддршка на домашните компании за вклучување во набавките кои се реализираат во акционерските друштва со доминантна државна сопственост( на пр. МЕПСО и ЕЛЕМ);
- ★ Анализа на состојбата и подготовка на програми за рестартирање на одредени постоечки производствени капацитети;
- ★ Насочување на посебен дела на финансиски средства од Фондот за иновации и технолошки развој кон поддршка на стопанските субјекти во оваа индустрија;
- ★ Развивање на посебни програми за дуално образование кои ќе бидат фокусирани на машинската индустрија.

# IX. ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

## ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ

Унапредувањето и развојот на телекомуникациите во државата бара законско редифинирање на позицијата која ја има Агенцијата за елкетронски комуникации(АЕК).

Основен предуслов за успешно функционирање на АЕК е транспарентност во финансирањето на нејзината дејност и целосно реструктуирање на оперативните трошоци. Законски треба да се ограничи можноста АЕК да троши финансиски средства за работи кои излегуваат од нејзината основна дејност, односно да купува државни обврзници, да вложува средства во изградба на кули, панорамски тркала и да доделува огромни донации.

Контрола на операторите во исполнување на обврските по однос на концесиските договори, а особено во делот на исполнување на инвестиционите политики. Имајќи во предвид дека трошоците за телекомуникациски услуги учествуваат со приближно 5% во БДП, би можело да се направи паралела и со нивото на инвестиции кои би требало да соодвествуваат на овој процент, односно истите би требало да изнесуваат околу 30 милиони евра на годишно ниво.

Потребно е да се спроведе ревидирање на цените за користење на радиофрекфенции. Владата и АЕК треба да се фокуксираат во делот на квалитетот на услугата и мрежата на операторите, а особено кон услугите и цените на мобилната телефонија, интернетот и ТВ пакетите.

Брзо треба да се пристапи кон интеграција на АЕК и Агенцијата за аудио-визуелни медиумски услуги, да се зголеми регулаторната моќ врз медиумите и телеком операторите и транспарентно да се имплементираат европските регулативи во оваа област.

Преку ревизија на работењето на „Македонски телеком“ и воведување на контролни механизми во заштита на својот капитал, државата треба да ги елиминира негативните појави во оперативноста,

да обезбеди целосна законитост во постапките, но и да ги преиспита стратешките одлуки на операторот кои се спротивни на интересите на Владата како акционер. Преку ангажирање на квалитетни професионални кадри Владата мора да обезбеди зајакната контрола на своето учество во компанијата, да го подигне нивото на стратешко влијание преку капиталот кој го поседува, да влијае за остварување на повисоко ниво на инвестиции, да инсистира преку своите претставници во Бордот на директори за поддршка на развојот на услугите, зголемување на ефикасноста во работењето, да иницира нови синергиски бизниси, како што се развој на Call центри, бизнис инкубатори, дата центри, развој на ИТ софтверски решенија итн.

Целта која треба да се оствари е поголема контрола во работењето на „Македонски телеком“, што ќе вклучи и подигнување на инвестициите на ниво од 20 - 25 милиони евра или околу 12% од приходите, развивање на синергија со домашни иновативни компании преку кои ќе се инвестира во разни технолошки производи, интегрирање на научно-образовни институции во заеднички проекти, зголемување на нивото на услугите. На тој начин оваа компанија повторно би прераснала во технолошки лидер во регионот и би изградила можности за подигнување на исплатата на дивидендата на годишно ниво од 15 милиони евра за државата.

## ТЕХНОЛОШКО РАЗВОЈНИ ПАРКОВИ

Еден од успешно проверените рецепти за стимулирање на технолошко развојни компании во една држава е преку изградбата на научно - технолошките паркови(НТП). Основната идеја е технолошкиот парк да се претвори во средиште на иновативниот бизнис во Северна Македонија и на долг рок да генерира додадена вредност за економијата, разработувајќи нови технолошки производи и решенија. Развојот на научно-технолошките паркови како простор кој што ја поддржува соработката помеѓу науката и компаните е еден од клучните фактори за брзиот развој на земји како Израел, Ирска, Скандинавските и Балтичките држави и други економии што се потпираат на економијата на знаење и “експлозија” на иновативни мали и средни компании.

Во Северна Македонија, досега е отворен еден научно - технолош-

ки парк во рамки на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. За постигнување на позначајни резултати во областа на стартап системите во земјава, потребни се многу посериозни инвестиции и државна поддршка во формирањето на научно - технолошки паркови, по примерот на земјите од регионот и светот.

Во таа насока потребна е 10 годишна Програма за државна поддршка на бизнис инкубатори и научно-технолошки паркови.

Формирање на „Макплус“ центри како облик на јавно - приватно партнерство, преку кои би се стимулирал проток на знаење помеѓу универзитетите и фирмите во научно-технолошките паркови, би се поддржувале бизнисите, научниците, експертите, консултантите во процесот од идеја до одржлив бизнис - советување, деловен простор, пристап кон истражувачка и развојна инфраструктура, финансирање на раниот развој (од 50 до 500 илјади евра), развој на претприемништвото во академската пракса итн.

Научно-технолошки паркови се потребни:

- За истражувачки ориентираните стартап фирми кои го продолжуваат својот пост - инкубационен развој во НТП;
- Создавање на деловно опкружување и инфраструктура кои ќе делуваат стимулативно за зголемување на бројот на новоформирани компании засновани на наука и технологија, кои ќе имаат капацитети да комерцијализираат резултати од истражувања на универзитетите и истражувачките институти;
- Поддршка на групирање на компании и истражувачи од секторите ИКТ, биомедицина, природни науки, нанотехнологии, енергетика, телекомуникации;
- Формирање на НТП кои ќе бидат во тесна врска со академските центри, со цел трансфер на технологии во одредена област, при што би се изградиле силни врски помеѓу приватниот сектор и истражувачките академски групи;
- Одржливо финансирање од јавни фондови и активно приватно учество, вклучително и ефикасна јавна политика која што ги

поддржува иновативните компании;

- Финансирање на поголеми ИТ проекти во вредност од 3-5 милиони евра, од кои 10% од страна на „Макплус", 40% од јавни фондови и 50% приватен капитал;

- Основање на "Иновациски кампус" на површина од 5-10 хектари, со 15-20 истражувачи, 100 студенти, 500 бизнис и техничко-технолошки експерти за ИТ, микро и нанотехнологии, биотехнологија, сектори на зелена енергија и здравство, за развој на инфраструктура и урбанистичка поддршка;

- Подготовка на програми за директно буџетско финансирање на НТП со средства во висина од 20 - 30 милиони евра, со можност за обезбедување на дополнителен извор и од локалната самоуправа кој би бил насочен кон развој на неопходната инфраструктура.

## АУТСОРСИНГ НА ИТ УСЛУГИ

Домашната побарувачка за информатичко-комуникациски услуги драстично опаѓа. Се помалку компании имаат потреба софтверско решение кое би било изработено на домашниот пазар, поради што работата на домашните информатичари се сведува, речиси само, на понуда на решенија за банкарскиот систем. Во отсуство на пазар дома, тие работата си ја обезбедуваат претежно во други земји поради што овој сектор се повеќе добива димензии на аутсорсинг оаза за странски клиенти.

До аутсорсинг проекти е релативно едноставно да се пристапи. Аутсоурсингот можеби има помала вредност, но е одличен почеток за развивање на интерна технолошка експертиза. Проектниот менаџмент го има изготвено искусен странски експерт, барањата се јасно дефинирани и временските рамки се реално поставени. На почетокот се работи за потребите на други компании, но со тек на време се стекнуваат непроценливи искуства кои придонесуваат за креирање сопствени производи и услуги. Исто така аутсорсингот за македонските компании, но и за останатите во регионот, е клучниот начин за да постигнат извоз на своите услуги или производи.

# X. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОЛИТИКИ

Значаен потенцијал лежи во оваа економска гранка чија вредност се проценува над 900 милиони евра. Негативна страна е што најголемиот дел од земјоделските стопанства во земјава (над 180.000) се индивидуални земјоделци, а само еден мал дел деловни субјекти (350), од кои пак 10% се со над 50 вработени.

Сметаме дека овој сектор треба да отвори неколку цели:

- ★ Намалување на увозот во сегменти за кои Северна Македонија има потенцијал за развој и производство;
- ★ Ориентација кон извоз на раноградинарски производи, органска храна и храна процесирана на повисоко технолошко ниво;
- ★ Зголемување на приносите по хектар на житните растенија;
- ★ Стимулирање на средни претпријатија кои се занимаваат со примарно земјоделско производство, преработка на земјоделски производи и извоз на примарно земјоделско производство и нивни преработки;
- ★ Формирање на откупни центри;
- ★ Реструктуирање на бројните организациски единици и нивно ставање во функција на забрзан развој на земјоделското производство;
- ★ Имплементација на научно и технолошка ориентирана фаза.

Предуслов за остварување на овие цели е воспоставување на систем за планирање, развој на патната и институционална инфраструктура во руралните средини, промоција на истражување во разни земјоделски култури, системи за мониторинг, информативно вмрежување на центри кои ќе го мониторираат производството, но и побарувачката, како и зајакнување на здруженијата на земјоделците и фармерите.

Реформите во овој сектор во суштина треба да доведат до поеднаква распределба на земјиште, што е важно за зголемување на продуктивноста на земјоделството, но и за прераспределба на приходите во корист на групи со пониски приходи.

Сметаме дека треба да се реформира Министерството за земјоделство, шмарство и водостопанство во насока на децентрализација на процесите, што ќе вклучи и фомирање на посебно тело - Комисија за реконструкција и рурален развој, кое заедно со здруженијата на земјоделците и фармерите ќе одлучува по принципот од доле - нагоре.

Основните функции на ова тело ќе бидат:

- ★ Обезбедување рамка за децентрализирано одлучување;
- ★ Создавање и дисперзија на кредити за рурални средини;
- ★ Предлагање локални инфраструктурни решенија;
- ★ Помош при дисперзија на технологијата за преработка на земјоделски и прехрамбени производи;
- ★ Ширење на технолошките информации во земјоделството, маркетинг знаења и развој на кластери;
- ★ Соработка со коморите и здруженијата.

## СТОЧАРСТВО

### *Производство на добиточна храна*

Клучен предуслов за напредно сточарство е сопствено производство на добиточна храна. Истражувањата на ФАО покажуваат дека со домашно производство на добиточна храна, Северна Македонија може да заштеди околу 11,3 милиони евра пари што годишно се трошат за увоз на пченка. Околу 50% од вкупните домашни потреби за добиточна храна се покриваат од увоз, од кои 35% отпаѓаат на пченката, која што учествува со најголем процент во храната на добитокот.

Производството на млеко и зголемувањата на добиточниот фонд

е директно зависно од добиточната храна. Само за увоз на млеко и млечни производи, годишно се трошат над 30 милиони евра.

***Нови технологии и примена на системот "капка по капка"***

Инвестирањето во системи за наводнување и примената на системот "капка по капка" за комбинираните фармери обезбедува многу повисок поврат и економски ефект за националната економија, поради многубројните ефекти низ вредносниот синџир на млекото и млечните производи.

Сметаме дека идната влада треба да им даде силна поддршка на комбинираните фарми.

***Вертикално интегрирани фарми***

Иако додадената вредност од комбинираните фарми на макро ниво е помала, во споредба со додадената вредност од одгледувањето само на пченка, зголеменото производство на млеко обезбедува дополнителна можност за дуплирање на ефектите од наводнувањето "капка по капка" во вредносниот синџир на млеко и млечни производи.

***Производство на пилешко месо***

За да се задоволат потребите од пилешко месо (над 27.000 тони) во Република Северна Македонија потребно е да се одгледуваат околу 20.000.000 пилиња, за што се потребни околу 400 фарми со капацитет од 50.000 пилиња годишно. За да се обезбедат тие количини, ќе треба да се обезбедат над 75.000 тони храна, пред се пченка, соја и сончогледова лушпа. Ценовинтите движења укажуваат дека овие суровини е поисплатливо да се увезат за потребите на живинарски фарми, отколку да се врши увоз на пилешеко месо. Затоа е потребно подготвување на политики кои ќе бидат насочени токму кон стимулирање на зголемување на бројот на фарми за живина во земјава.

***Органско производство на храна***

Северна Македонија ги има сите неопходни услови за развој на органско производсство на храна кое во светски рамки бележи висока стапка на раст.

И покрај тоа што во последните неколку години сертифицираните насади рапидно се прошируваат неопходни се неколку мерки:

- Зголемени инвестиции во органското сточарство;
- Директни субвенции на малите селски стопанства за производство на органска храна;
- Зачувување на автохтоните семиња;
- На земјиштата од 5 и 6-та класа и на дел од пасиштата, треба да се одгледуваат производи кои не се застапени во соседните земји, а за кои има побарувачка - етерични растенија, суровинии за биосимилари и др.
- Производите треба да се иновативни, добро брендирани (“органско од Северна Македонија”) квалитетни и со прифатливи цени за одредени целни групи од глобалните пазари.

***Системи за наводнување***

- Воведување на современи методи на наводнување на нови змејодлески површини од околу 50.000 ха.;
- Чистење на сите постојни канали за наводнување и изградба нови, со што би се постигнало околу 165.000 ха.земјоделски површини да имаат пристап до вода;
- Постепено да се воведува  и нови алтернативни методи на наводнување ( на пр. длабински бунари);
- Воведување на субвенции за иневстиции во системи за наводнување -  безцарински увоз на системите “капка по капка”; јавно-приватно партнерство во проекти за ископување на бушотини, канални системи и сл.

***Земјоделско производство и енергетика***

Искористувањето на алтернативни извори на енергија во руралните делови на земјата потребно е да добие приоритет во инвести-

ционите планови на земјоделците во производство на земјоделските производи, бидејќи нудат најниски трошоци. Биомасата помешана со прочистен висококвалитетен јаглен, значително ќе ја намали ставката на трошоци во оранжериското производство. Трошоците за загревање на стаклениците со алтернативниот начин на загревање ќе се намалат за половина.

Вградувањето на соларните панели со кои ќе се произведува енергија која ќе може да се употреби за системи за наводнување на парцелите. Стимулирање на употреба на механизација на електричен погон за обработка на земјиштето.

Вишокот на енергија произведена од алтернативните извори на земјоделските стопанства може да се користи и за задоволување на дел од потребите на разни јавни установи(основни и средни училишта) или пак за различни преработувачки капацитети лоцирани на самите фарми( на пр. енергија за производство на млечни производи во рамки на сточарските фарми) .

НСДП ќе се заложи за изработка на национална стратегија за искористување на отпадот од растенијата и добитокот, како и на остатоците од дрвната индустрија, како биомаса за производство на енергија.

Со посебна Програма да се обезбедат повеќе лиценци за зголемено производствона електрична енергија од биомаса, со цени кои ќе бидат утврдени на пазарно ниво. За таа цел Регулаторната комисија на својата веб-страница би ја поставила првата електронска берза за тргување со биомаса.

***Оранжериско производство***

Бидејќи оранжериското производство и носи на државата значаен девизен приход, сметаме дека државата треба да обезбеди максимални услови за зголемување на тоа производство.

За таа цел потребно се неколку мерки:

- ★ Субвенции за изградба на оранжерии за расад во висина од 65% од инвестицијата за изградба на оранжериите, за набавка и ин-

сталација на опрема за контролирани климатски услови, набавка на специјализирана земјоделска механизација и опрема за обработка, заштита, ѓубрење, берба и за активности по бербата;

- ★ Искористување на потенцијалот на РЕК Битола за греење на нови оранжерии во Пелагонија;
- ★ Развивање на гасификациска мрежа до постоечки оранжериски капацитети и до локации на кои би се изградиле нови;
- ★ Кофинансирање на испитувања за термални води;
- ★ Намалување на концеските надомести за користење на термални води;
- ★ Формирање на 4 тренинг центри за оранжериско производство во Свети Николе, Битола, Велес и Струмица.

***Прехрамбена индустрија***

За динамичен развој на овој сектор потребни се повеќе услови:

- ★ Финансиска поддршка за склучување на договори помеѓу фармерите и преработувачите;
- ★ Укинување на царинската стапка за увоз на суровини;
- ★ Воведување на заштитни механизми за одобрување на увозот на преработки кои ги има Република Северна Македонија (контрола на квалитет, дозволи за увоз, услови за складирање итн.);
- ★ Финансиска поддршка за изградба на откупни центри и на капацитети за замрзнат зеленчук и овошје;
- ★ Промена на регулативата за квалитет на храна во насока на зголемување на стандардите;
- ★ Издвојување на финансиски средства за развој и промоција на брендови;

- Стратешко поврзување на маркетинг агенциите и компаниите со цел развивање на регионално и глобално препознатлив бренд - “произведено во РСМ”;
- Едукација на менаџерите преку разни грантови;
- Стратешки партнерства со странски субјекти за настап на одредени пазари;
- Организиран настап на саеми во странство;
- Промоција на домашни саеми специјализирани за органско производство;
- Поддршка за аквизации и спојување на домашни преработувачки капацитети и странски мултинационални компании;
- Заштита на локални брендови од типот “кашкавал од Кораб”, “Овчо - беровско сирење”, “Прилепско биено сирење”, “Струмички ајвар”, “Кавадаречка жолта”, итн.
- Диверзификација на производно портфолио на постоечките преработувачки капацитети(проширување на палетата на сирења, јогурти, здрави диететски производи, интегрални житарици, зачини, овошни сокови и др.).

# XI. ЕНЕРГЕТИКА

### *Воведување на Нет – метеринг*

Нет – метеринг е енергетска регулатива која што на потрошувачите кои користат обновливи извори на енергија (фотоволтаични системи) им овозможува да ја користат произведената електрична енергија за сопствени потреби, а вишокот на произведената електрична енергија, која што не е искористена, автоматски се пласира во електроенергетскиот систем на нивниот снабдувач. Снабдувачот количината на превземена енергија ја враќа на истиот потрошувач во период кога потрошувачот не користи енергија од сопствениот извор. Дополнително олеснување на индивидуалните инвестиции би било намалување на ДДВ стапката на фотоволтаичните панели од 18% на 5%.

### *Net Zero Energy Builings*

Во Северна Македонија 95% од станбените и деловните објектите не задоволуваа стандарди на енергетска ефикасност. Потребна е изработка на стратегија со која сите нови државни и јавни објекти ќе бидат дизајнирани да постигнат „0-мрежна енергија“ до 2030”. Во светот постојат примери на комерцијални, резиденцијални и државни објекти кои може да се искористат како насоки за равој на идните „0-мрежно енергетски“ објекти.

Net Zero Energy објектите комбинираат:

- Градежен дизајн со минимизирање на енергетската потрошувачка;
- Обновливи извори на енергија кои ќе ги задоволат потребите на објектот.

### *Кредитни линии*

На државните и јавните институции и установи да им се овозможи пристап до кредитни линии кои што ќе им овозможат реализирање

на инвестиции во фотоволтаични системи, со кои би се произведувала елекктрична енергија за сопствени потреби. На тој начин драстично би се намалиле трошоците за електрична енергија.

Ови кредитни извори на финансирање треба да бидат достапнии за инвестирање во поефикасни и еколошки начини на загревање на државните и јавните институции и установи: користење на топлотни пумпи, замена на нафтата со гас и др.

Други мерки:

- ★ Замена на сите стари сијалици со нови LED светилки во сите државни и јавни институции, установи и претпријатија;
- ★ Варијабилно улично осветлување - Замена на старите сијалици со нови LED сијалици, поставување на систем на SMART ОСВЕТЛУВАЊЕ;
- ★ Намалување на ДДВ-то за инвертер клими;
- ★ Укинување на царината и ДДВ-то за увоз на електрични возила;
- ★ Развој на мрежа на станици за полнење на електрични возила(-нивно инсталирање на бензиските пумпи, катните гаражи, јавните паркинзи и сл.)

# XII. ИНФРАСТРУКТУРА И ГРАДЕЖНИШТВО

## ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Изградба или реконструкција, обнова и модернизаија на железничката инфраструктура (како дел од сеопфатната мрежа на Транспортната опсервација на ЈИЕ) со посебен фокус на подобрување на безбедноста и електрификацијата на железничкиот сообраќај, развивање на железнички сообраќај кој ќе претставува конкурентен и атрактивен модел за превоз на патници, истовремено овозможувајќи синергија со натамошниот развој на телекомуникациските инфраструктури (мерка за намалување на трошоците).

Интензивирање на активностите за финализирање на железничката пруга која е дел од Коридорот 8 (Исток – Запад).

Железничко поврзување на „Меѓународниот аеродром – Скопје" со Градот Скопје.

## ГРАДЕЖНИШТВО

Во насоката на ставање во функција на градежништвото во севкупниот економски раст и развој на земјата, НСДП ги предлага следниве иницијативи:

- ★ Субвенционирани обуки за проектен менаџмент во градежништво со консултанти и обучувачи од развиените земји;
- ★ Промена на Законот за ЈПП (јавно-приватно партнерство) и промена на Законот за градење во насока на редефинирање на јавниот интерес, особено во делот каде што при постоење на интерес на државата предложен преку институциите, фирмите и единиците на локалната самоуправа, кој подразбира изградба на објект на државно земјиште, а согласно важечки ДУП, да постои можност за заедничка градба со фирми од приватниот

сектор. На овој начин вредноста на земјиштетот која што би се добила преку продажба и вредноста која би се добила во објекти би била далеку повисока. Бенефитот за компаниите од приватниот сектор би се согледал во скратувањето на административните пречки за расчистување на локациите, како и во надминување на административните пречки при добивање на одобрение за градење. Тоа значи накратко дека фирмите по пат на јавен повик го добиваат правото на градење и сопственост на нивниот дел од постапката наменет за комерцијални цели, а додека државните институции добиваат зголемена вредност на земјиштетот валоризирана во нов објект од различна намена, која зависи од потребата на државната институција;

- ★ Интегрирање на Законот за бесправно изградени објекти и Законот за градење во едно законско решение;
- ★ Интегрирање на Законот за приватизација на градежно земјиште и Законот за градежно земјиште во едно законско решение;
- ★ Промена во Законот за денационализација во насока на давање на можност за нерешените барања државата да издаде обврзница, со што ќе се создаде простор предметното земјиште да биде ставено во функција на нова градба:
- ★ Промена во Законот за даноци во делот на наплатата на данокот на имот за граѓаните и фирмите, односни за дворното место за кое што плаќаат за земјиштето од причина што земјиштетот е во функција на објектот;
- ★ Промена на Законот за домување во насока на овозможување на брза продажба на општествените станови и становите кои се диво вселени, како и сите останати станови кои ги доделува Владата преку Комисијата за станбени прашања;
- ★ Изградба на станови за користење од страна на пензионери кои немаат имот на сопствено име(по примерот на Совенија), кои ќе се користат по бенефицирана цена(слично на надоместокот за социјални или државни станови), како и изградба на

станови за млади лица и лица кои важат за специфичен интелектуален кадар во кој државата вложила во нивниот образовен процес (доктори, електроинжинери, млади инстражувачи итн.).

- Изработка на стратешки план на ниво на државата за просторно планирње кој ќе ги содржи основните насоки за иградба на ГУП и ДУП, што во основа треба да обезбеди во која насока ќе се развиваат градовите, идустријата, енергетиката итн.;

- Зголемување на капитални инвестиции преку моделот ЈПП, односно стимулирање на изградба на објекти потребни за државните институции(Студентски град, Административен град и сл.)

# XIII. ЗДРАВСТВО

Градењето на здравствените политики ќе го насочиме кон обезбедување на здравствена заштита на граѓаните преку спроведување на мерки и активности кои се усогласени со најсовремените здравствени доктрини и кои вклучуваат употреба на современа медицинска технологија. Оваа определба бара јавните здравствени политики да бидат фокусирани на зајакнување на финансиските, човечките и материјалните ресурси кои му стојат на располагање на здравствениот систем, а со крајна цел, преку задоволен медицински персонал испорачување на квалитетни здравствени услуги на задоволни пациенти.

На Република Северна Македонија и е неопходно силно, компетентно и одржливо јавно здравство.

Воведување на систем на планирање на здравствените потреби и усогласување со европското законодавство.

Воведување строга контрола на увозните лекови, кои мораат да бидат со највисоки стандарди.

За поголема ефикасност и посветеност на работата на здравствените работници потребни се реформи во системот на менаџирање. Лекарите треба да се ослободат од административната работа и да се фокусираат кон давање на квалитетни здравствени услуги.

Доброто менаџирање на здравствените услуги и повисокот степен на контрола и одговорност, поддржано со добро разработен систем на бонуси, ќе доведо до зголемување на навременото и етички добро завршени работни задачи, односно ќе резултира со севкупно зголемување на ефикасноста и угледот на здравствените работници.

За да се спречи одливот на стручниот кадар во приватните здравствени установи и во странство, примарен услов е зголемување на платите на стручниот, носечкиот кадар, барем на ниво на заработувачката која се остварува во приватните здравствени установи. Во

оваа насока како дополнителен модалитет може да биде воведувањето на склучување на договор во случај при трансфер на лекар во приватна установа, со што би требало да се плати цена на трансферот, која ќе соодветствува на висината на трошоците кои државата ги има направено во неговото школување и специјализација.

Организацијата на нашето здравство треба да биде според потребите, можностите и реалните услови во нашата држава.

Како комплексна гранка, нашето здравство има голема потреба од менаџерски тимови кои со своите експертизи и знаења ќе бидат во состојба да соработуваат со тимови од странство.

„Милениумски развојни цели“ на Обединетите нации ги исцртуваат и нашите заложби за намалување на смртноста кај децата, подобрување на здравјето на родилките, намалување на болните од заразни болести, вклучувајќи ги и ХИВ/СИДА и Туберкулоза.  Тргнувајќи од оваа позиција НСДП ќе иницира градење на национални стратешки насоки за подобрување на здравјето на мајките и доенчињата во сите сегменти, од периодот на пре-концепција, антенатална, натална и постнатална грижа во првата година од животот на доенчињата.

Клиничкиот центар е врвот на пирамидата на здавството до кој треба да се дојде преку изградба на неговите темели – примарното здравство, кое во себе ќе вклучи развиена мрежа за превенција и лекување, за згрижување стари и изнемоштени лица, кое ќе понуди решенија за хронично болните и би било достапно за социјално ризичните категории од населението.  Во оваа насока на развој на примарната здравствена мрежа и подигнување на квалитетот на здравствените услуги, НСДП смета дека финансиските средства треба порационално и понаменски да се искористат преку вложување во основни материјали, помагала, лекови, во помали сместувачки капацитети. Северна Македонија треба да ги следи трендови во медицината кои покажуваат намалување на болничките денови, со се почеста примена на минимална инвазивна хирургија, фокусирање на превенцијата и затворање на болнички капацитети со скапи клинички кревети.

Изработката на долгорочната стратегија за развој на здравството

кое ќе го ослободи од партиските калкулации и ќе воспостави континурана поддршка од сите релевантни субјекти, може да доведе до добро и исплатливо здравство согласно финансиските можности на државата.

## НАШИ ПРИОРИТЕТИ

Софистицирана дијагностиката, модерна здравствена интервенција и високо ниво на нега за пациентите во секоја здравствена установа. Со посебен фокус на развојот на дијагностистиката која ќе вклучува најсовремени дијагностички методи со што ќе се овозможи навремено откривање на болестите, зголемена ефикасност и ефективност во нивниот третман, што директно ќе влијае и на намалување на трошоците за лекување.

Јакнење на човечките и медицинско-технолошките капацитети на јавните здравствени установи за вршење на вискокомплексни здравствени интервенции.

Поддршка на јавно-приватно партнерство, но со транспарентни услови и со еднакви и фер шанси за успех на партнерите.

## ЗДРАВСТВЕН ТУРИЗАМ

Развивање на стратегија за економско искористување на здравствениот потенцијал иразен во пониските цени на здравствени услуги кои ги имаме споредено со западно-европските земји. Ова ќе подразбира зголемување на брзината и квалитетот на услугата, организиран настап за промоција на странските пазари на различни здравствени сегменти кои би им биле достапни на странските туристи по конкурентни цени споредено со нивните матични земји(на пр. стоматолошки услуги, ортопедија, различни видови на инвазивна хирургија и сл).

## СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Република Северна Македонија мора да се специјализира во одредени медицински области, за да претендира да биде регионален лидер. НСДП смета дека национално треба да се стремиме да достиг-

неме високите европски стандарди преку фокусиран развој на катедрите за ортопедија, кардиологија, кардиохирургија и неврологија.

## ПРАВО НА ЗДРАВО СЕМЕЈСТВО И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Семејството како столб на општеството е важно да се одржи како компактна и здрава средина во која се гради подмладокот. Влошената економска состојба и несоодветната здравствена заштита се одразува на здравјето на луѓето и општеството во целина. НСДП своите активности ќе ги насочи од една страна во борба преку институците на системот за посолидно и поправедно здравство загарантирано со Уставот, но исто така и кон подигање на свеста особено кај жената посебно за примарната здравствена заштита. Во насока на остварување на оваа цел, предлагаме:

- ★ Организирање на трибини и тркалезни маси на најразлични теми од областа на примарното здравство;
- ★ Трибини за здрава храна како основ за здраво семејство;
- ★ Семинари за начин на подготовка на здрава храна;
- ★ Подигнување на свеста против пороците преку едукативни активности;
- ★ Хуманитарни активности за помош на загрозените семејства.

# XIV. РЕФОРМИ НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

Со измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ќе се обезбеди воспоставување на категорија на предвремено остварување на право на пензија, со што на осигурениците ќе се даде можност за доброволно користење на ова право со соодветно намален процент, актуарски пресметан во зависност од стражот, при определување на пензијата.

Измена на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување заради зголемување на придонесите за пензиско осигурување кои во следните 5 години ќе достигнат 20%, како и делот што се издвојува за вториот столб, со цел обезбедување на адекватна пензија на лицата кои се вклучени во ова осигурување.

На овој начин ќе се обезбедат повисоки приходи во пензискиот фонд, а со тоа ќе се постигне долгорочна финансиска стабилност на пензискиот систем.

Измена на Законот за доброволно капитално финансиско пензиско осигурување со воведување на нови и поголеми даночни стимулации/олеснувања во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (трет столб) со цел да се обезбеди поголема вклученост во ова осигурување, кое дава можност за остварување на повисоки приходи во пензиските денови.

Бидејќи одговорноста за неостварување на правото на пензија на голем број граѓани има институционален карактер идната влада потребно е да  предложи закон со кој оваа неправда ќе се исправи. Со него ќе се понуди и можност за членови на семејно домаќинство, кои по постоечкиот правен основ не можат самостојно да го остварат правото на пензија, поединечно, да имаат право на т.н. заедничка пензија. Тоа значи, доколку стажот на двајцата брачни другари кумулативно обезбедува право на една пензија, да имаат право на една

т.н. «семејна пензија». Со посебен закон би се утврдила постапката за стекнување на семејна пензија.

НСДП ќе се залага за изградба на пензионерски домови за живеење со комбинирано финансирање преку јавно-приватно партнерство од страна на Фондот на ПИОМ, локалната самоуправа и приватен инвеститор. Домовите би биле лоцирани во Скопје и во внатрешноста на државата, по принцип на индивидуални станбени единици, а не класично сместување во станбени згради. Проширувањето на овие капацитети ќе помогне во ублажување на долгите чекања кај пензионерите да се стекнат со претстој во постоечките домови, каде што се чека со години, па дури и многумина не ја доживеале таа можност поради смрт.

# XV. ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

НСДП ќе се залага поголемиот дел од правата на вработените во администрацијата да бидат предмет на уредување на колективни договори. Тоа значи повеќе права за вработените во јавната и државната администрација, посигурни и правно регулирани односи меѓу институциите и вработените, како и поголема заштита од самоволието на работодавачите. На овој начин ќе се обезбеди поголема независност на администрацијата од партиските влијанија и нејзината злоупотреба во политички цела, како и зголемување на ефикасноста и ефективноста во извршувањето на работните задолженија, задачи и обврски. Од друга страна ова за граѓаните ќе значи зголемена достапност до квалитетни и навремени услуги, кои ги побаруваат од државните и јавните институции. Ќе се овозможи и постепено враќање на достоинството и самодовербата на администрацијата, на нејзината професионалност и непристрасност во работата, притоа создавајќи бариери за партискиот волунтаризам во институциите.

Овој процес едновремено треба да биде проследен со соодветна законска регулатива со која ќе се обезбеди функционирање на Агенцијата за администрација како институција која ќе ја извлече администрацијата од рацете на партиите.

И сето тоа мора да биде дел од комплексна реформа на администрацијата, во која ќе биде вграден мерит-системот кој апсолутно мора да се почитува пред воопшто да стане збор за правична застапеност по етничка, родова или некоја друга припадност.

Нашата администрација конечно треба да биде збир од професионалци кои знаат, умеат и се подготвени да дејствуваат, а не аморфна маса составена од париски војници.

# XVI. ПОЛИЦИСКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Во Република Северна Македонија постоечкиот внатрешен механизам за контрола на полицијата во праксата се покажа како проблематичен, неефикасен и без доверба во јавноста. Многу мал број на полициски службеници имаат сносено правна одговорност за пречекорувања на своите службени овластувања, а жртвите на полициско насилство во многу мал број информираат или пријавуваат за ваквите случаи.

Најавите за воведување на надоворешни контролни механизами на полицијата останаа нереализирани докрај.

НСДП предлага во најкратко временски рок да се иницира зготвување и донесување на законско решение за воведување на институцијата Полициски правобранител, со кое ќе се формира независен орган за надворешна контрола на полицијата, тело кое ќе ги следи полициските постапувања и воедно ќе ги штити граѓаните од злоупотреба и пречекорување на овластувањата од страна на полицијата.

Со воведувањето на Полициски правобранител ќе се унапреди кредибилитетот, легитимитетот и објективноста на процесот по претставки против полициското неправилно постапување во очите на јавноста. Фактот дека во истрагата би се вклучител поединци кои не се полициски службеници, треба да ја зголеми јавната доверба во полицијата и објективноста на истрагата.

Полицијата и другите органи со полициски овластувања во демократско општество мора да оперираат согласно принципот на владеење на правото, да ги почитуваат и заштитуваат човековите права, да бидат фер и независни сервисно ориентирани. Ова е рамката низ која се мери одговорноста на полицијата и другите органи со службени овластувања во испорачувањето на безбедносниот сервис на заедницата на која и служат. Градењето на контролни механизми над овие органи е во корелација со потребата на заедницата да се заштити од можноста истите да профункционираат на штета на пра-

вата и слободите на граѓаните и усвоените демократски принципи во општеството.

Анализата на домашното законодавство, институции и практика во случаи на пречекорување на овластувања од страна на овластени службени лица, потврдува дека постојниот систем на контрола не ги задоволува ниту меѓународните стандарди, ниту стандардите утврдени со Европскиот суд за човекови права. Дополнително, со ратификување на Факултативниот протокол кон Конвенцијата на ООН против мачење, Република Северна Македонија ќе треба да идентификува и назначи национално независно тело (орган) кое ќе има пристап до местата во кои слободата на движење е ограничена. Донесувањето на Закон за полициски правобранител со кој ќе се предвидат соодветни надлежности и механизми преку кои тие ќе се остваруваат во праксата, ќе ги задоволи и меѓународните обврски кои произлегуваат за државата.

Предностите на надворешната контрола на полицијата:

Надворешната контрола е добра гаранција дека во постапката на разгледување на претставките за лошото постапување на полицијата и другите органи со полициски овластувања ќе се исклучи влијанието на командниот кадар.

Надворешната контрола обезбедува широка прифатливост на одлуките од страна на јавноста, дури и тогаш кога се поволни за полицијата и другите органи со полициски овластувања.

Надворешната контрола е најдобар можен начин да се заштити граѓанскиот интерес и обезбедува непристрасна правда во постапките против лошото постапување на полицијата и другите органи со полициски овластувања.

Надворешната контрола ја зајакнува јавната доверба во објективноста и праведноста на постапката по претставки на граѓаните за лошо постапување на полицијата и другите органи со полициски овластувања.

НСДП

НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

ИЗБОРНА ПРОГРАМА НА

**НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА**

ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2020